УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

КОНКУРС ЗА УПИС НА ПРВ ЦИКЛУС
НА СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2018/2019

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Согласно Мислењето на Универзитетската конкурсна комисија, бр. 15-885/2, Архитектонскиот факултет во Скопје изврши прерангирање на запишаните кандидати и на местото на двајцата кандидати кои биле рангирани во државната квота, а не се запишале, ги запиша двата прворангирани кандидати од квотата со кофинансирање. Двете испразнети места во квотата со кофинансирање, согласно член 17 од Упатството за реализација на конкурсот, Архитектонскиот факултет ги објавува како слободни места за запишување во третиот уписен рок, во квотата со кофинасирање. Запишувањето во третиот уписен рок ќе се врши под условите и критериумите утврдени во Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2018/2019-та година, објавен на 13.6.2018-та година во дневниот весник „Нова Македонија“ и на интернет страницата: http://www.ukim.edu.mk

Согласно Конкурсот, рокот за пријавување за кандидатите кои се рангираат според успехот од средното образование и според проверката на знаења и умеења во третиот уписен рок е 25.9.2018-та година. Пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот. Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.

Конкурсна комисија:

Вонр. проф. д-р Јован Ивановски, претседател;

Проф. д-р Влатко Коробар, член;

Доц. д-р Ана Ивановска Дескова, член;

20.9.2018